Seniors Rights Victoria

Ако вие или некој кого познавате е малтретиран, јавете се на Seniors Rights Victoria:

1300 368 821

Seniors Rights Victoria (SRV) им помага на постари луѓе кои се малтретирани, со помош од преведувач. Услугите вклучуваат:

- Телефонска линија за помош. Може да оставите порака во говорната пошта (voicemail) на SRV. Ќе биде одговорено на вашиот повик.
- Бесплатна поддршка и информации
- Бесплатни правни совети

Бесплатни совети во доверба за луѓе постари од 60 години

Каде да се побара помош и совет

Ако вие или некој кого познавате е малтретиран, овие услуги се бесплатни и во доверба за сите што ги користат.

Elders Rights Australia
1800 700 600
Информации, застапување и поддршка

Office of the Public Advocate
1300 309 337
Совети за старателство, администрација и полномошно

Carers Victoria
1800 514 845
Совети и поддршка на старатели

Victoria Police **000**
Ако вие или некој кого познавате не е безбеден или е во ситуација опасна по живот



Interpreter **13 14 50**

Ако ви треба преведувач, јавете се на Телефонската преведувачка служба (TIS) и побарајте да разговарате со Seniors Rights Victoria на македонски.

VICTORIA

©2026 Ethnic Communities' Council of Victoria
www.eccv.org.au

Macedonian | Македонски

Достоинство и почитување

Што се случува кога односите со семејство ќе се влошат

Сите имаме право на достоинство и почитување кога ќе остариме.

Опасно и небезбедно однесување е неприфатливо во семејството или во заедницата.

Со тоа не мора да се справувате сами, помош е достапна надвор од семејството.

Помош и поддршка ви се достапни за да ги повратите достоинството и почитувањето.

Приказни од заедницата

Мојата банковна картичка е кај син за да ми ги плаќа сметките. Сега на мојата сметка нема пари. Мислам дека син ми пак оди во казино. Не знам што да правам.

Откако маж ми престана да работи, тој пие сé повеќе. Кога ќе му го споменам тоа, тој кажува и прави лоши работи.

Моите деца ми рекоа да потпишам документи. Јас не знаев што се тие. Сега мојата куќа е на продажба. Немам каде да одам.

Ќерката ми рече дека не можам да ги гледам внуците ако не ѝ позајмам пари пак.

Потребите и добросостојбата на постарите луѓе се исто толку важни како тие на другите членови на семејството.

Некои постари луѓе доживуваат насилничко однесување или малретирање од луѓе кои ги познаваат и во кои имаат доверба.

Постојат многу форми на малтретирање. Тоа може да влијае на финансиската, емоционалната или физичката добросостојба на постарите луѓе.

Малтретирањето може да биде намерно. Тоа исто така може да се случи кога луѓето не се свесни како нивното однесување влијае на нивните блиски.

Малтретирањето може да се случи секому, без оглед на полот, културата или верата.

Кога постаро лице е малтретирано од член на семејството или пријател, на располагање е помош во доверба.